**Војо** Ристовски има два сина Ивица и Ѓокица. Ѓокица со сопругата Бубе, ќерка на Срећко од Џврчкooј имаат ќерка Илина и синче. Ѓоко со семејството работеше во Германија и изгради нова куќа на Збирало, во која денес живее Војо Ристовски со синовите Ивица и Ѓокица со семејството.
**Петко** Ристовски-Карапанџа има две ќерки Жаклина и Даниела. Петко со семејството отиде во Копенхаген, Данска, каде работеше и таму му е семејството.
**Ѓурче** Ристовски има два сина: Живко и Тодор и ќерка Верка. **Живко** Ристовски гоословуваме со прекарот Жике -Таљија, а Тодор Ристовски со прекарот Тодор -Грне. Жике има син Јонче и ќерка Трпана. Јонче Христовски е женет со Лидија и имаат две ќерки, Кристина и Јована, а Трпана е мажена за Живко од фамилијата Атанасооj од родот Лалошооj, Лешок и имаат ќерка Теодора. **Тодор** Ристовски -Грне е моја Генерација и замина во Бохолд, Германија, а работеше во две дискотеки во Глазбех и Гешер. Тодор со германката Моника има два сина: Мајкл (Majkl) и Саше (Sashe) и ќерка Јорданка (Jordanka). Тодор Ристовски почина во 2019 година. За Тодор-Грне, напишав кратка биографија во Мојата книга.( Р. бр. 12 и 14, стр. 136). **Верка** е мажена во Непроштено во Танушевци и има ќерка Наташа.
Од овој род мој школски другар е Тодор Ристовски- Грне од Карапанџооj (Р. бр. 12 и 14, стр. 132 и 136, Р.бр. 19, стр. 25-49, и Р. бр. 25, стр. 52-72 ).
Подолу внесувам портрети на лица од овој род, а од Петко и Коца не обезбедив фотографии.
**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 59, 104, 167-168, 169-170 и 260-262 ), **Гуљакооj, Крапанџооj, одбојка, Оникс, род, слава, фудбал,**



| Ѓоко + | Тодор + | Верка | Живко | Војо | Ѓоко | Ивица | Јонче | Трпана |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

# 21. Кашамееj

**Кашамееj** е **стар** род од Лешок, на кои слава им е Св. Аранѓел. Куќите им се во Тенеќе маало над црквата Св. Никола. Овој род може да го сретнеме и како род Баракооj, Цветанооj, Пашини, Сирмини, Кашамееj, Јурекооj, Брезјани и др., а може да се сретне дека некои го празнуваат и Митровден и Св. Ѓорѓија и др. Види, ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ 1, Р. бр. 8, стр. 53-58, Р. бр. 18, стр. 107 и Р. бр. 25, стр. 112-113, 134 и 137-138 ).
Јас, кој сум роден 1949 год. во Лешок, до денес, 22 март 2026 година, не сум слушнал никој да гиословува постарите лица со друго име, освен со Кашамееj. Имено, јас слушав за родовите: Баркооj, Јурекооj, Пашини, Сирмини, Цветанооj, Брезјани и сл., кои се лица од други родови и не се од родот Кашамееj. Сметам дека наследниците од овој род треба подобро да го istражат потеклото и да утврдат дали е еден, два или повеќе родови.
Од родот Кашамееj, ќе го споменам Јосиф, кој имал куќа во Тенеке маало и имал три сина: Ѓиго, Јоан и Ане. Јас, лично го знаев само **Ане**, најмалиот син на Јосиф, кој живееше во Скопје, кај кафаната Мал одмор и кај нив кратко живеев под кирија, како студент.
Најпрво ќе ги запишам четирите сина и две ќерки на Ѓиго со нивните потомци.
**Ѓиго** Јосифов има 4 сина: Симо, Ѓорче, Тоде и Петко и 2 ќерки Дона и Фанка.
**Симо** Ѓигов Аврамовски имаше два сина Санко и Мирко и ќерка Нада. Санко работеше како правник во Југобанка, Скопје и има син Љупчо и ќерка Јасмина. Мирко С. Аврамовски (1939 -2025), беше предавач на Економски факултет, Скопје ( Р. бр. 12 и 14, стр. 96 -104 и Р. бр. 25, стр. 137 ).

Мирко со сопругата Загорка Аврамовска од Велес, со која заедно работевме во СОК на РМ, Централа во Скопје, имаат два сина Симо и Бранко. Симо има син Гаврил и ќерка Ива, а Бранко има три деца: Марко, Горјан и Аника. (Р. бр. 19, стр. 158 -167).

**Ѓорче** Ѓигов Аврамовски имаше два сина Раско и Љупчо и ќерка Иванка. Раско Аврамовски играше фудбал за ФК Оникс, Лешок и ФК Југококта, Ѓ. Петров и во бракот има две ќерки Биљана и Кети, а брат му Љупчо, оженет со мојата втора братучетка Сјајна Драган Апостоловска од Котлинци,Јанчиште имаат два сина Ѓоко и Драган. (Р. бр. 22, стр. 825-847 во ТОМ-2 и Табела бр. 20 – Род Котлинци, стр.1090- 1103 во ТОМ-2 ).

**Тоде** Ѓигов Аврамовски имаше три сина: Борис, Иван и Бошко.

**Борис** Јосифовски, најстариот син на Тоде, се преселил во Торонто,има син Тоде и ќерка Жаклина.

**Иван** Аврамовски има два сина Влатко и Љупчо. Влатко е хирург на Дигестивна во Клинички центар, Скопје. Иван Т. Аврамовски (1944- ), беше член на ЦК на КПМ и член на Претседателството на ЦК КПМ, беше пратеник во сојузниот Собор на Здружен труд во Собранието на СФР Југославија и пратеник во Соборот на здружен труд во Собранието на Социјалистичка Република Македонија ( 1986-1991). **Бошко** Аврамовски, третиот син на Тоде, има две ќерки Наде и Снежана. Двајцата браќа Иван и Бошко земаа селско место на Збирало во Лешок и изградија куќа.

**Петко** Ѓигов Аврамовски, четвортиот син на Ѓиго, се пресели во Тетово и е првиот ветеринарен лекар од Лешок, кој работеше во Ветеринарната станица во Теарце. Петко во бракот има две ќерки Лидија и Мери и др.

**Дона**, ќерката на Ѓиго, се омажи за Иљо од родот Качооj од Лешок и имаа три деца: Томе, Јове и Љубица. Види, ( Р. бр. 19 - Род Качооj ).

**Фана**, втората ќерка на Ѓиго, се омажи за Томе Андров Поповски од родот Лалошооj од Лешок и во бракот имаа три деца: Добринка, Драго и Иванка. Види ( Р. бр.28 - Род Лалошооj ).

**Ане** Јосифов Аврамовски од родот Кашамеej од Лешок, е најмалиот, третиот син на Јосиф. Ане со сопругата Цвета од Глоѓи, имаше два сина, кои лично ги знам: Живко и Јосиф и три ќерки: Васка, Костадинка и Ољга. Ане имаше куќа во Скопје, позади кафаната Мал одмор. Кога бев студент на економски факултет, кратко време живеев под кирија кај дедо Ане.

**Живко** Јосифовски, има син Александар и ќерка Виолета, кој беше сопственик на фирмата Електро Неон, а вториот син **Јосиф** има син Стево.

Ги знам и двата внуци на Ане, Благоја Димитриевски од Васка и Љупчо Тодоровски од Костадинка.

**Јоан** Јосифов Аврамовски, имал три сина: Ристо, Душан и Мито.

**Ристо** со Зугра од Царлооj имаат три сина: Никола, Јошо и Ѓуро и две ќерки: Коца и Јованка. Никола Аврамовски има син Добривоје и ќерка Елена и се преселил во Ѓорче Петров, Ѓуро Аврамовски живееше во Лешок, па, се отсели во Тетово и има син Трпче и ќерка Весна, а Јошо Јовановски остана во Лешок и има три деца, Крсто, Дракче и Милка. Крсто (Кице) подоцна се пресели во Тетово, а Дракче замина во Виена, Австрија и не е одомен. Милка е мажена за Ивица од с. Мршевци, Скопско и има ќерка Ивана и син Милан. ( Р. бр. 8, стр. 53-58 и 323 -325).

**Душан** Аврамовски, вториот син на Јоан, има два сина Спасо и Благо и две ќерки Бора и Павлина. Спасо Аврамовски е отселен во Ѓорче Петров и има син Борче и ќерка Силвана, додека Благо Аврамовски е отселен во Белград и има син Љупчо. Бора е мажена во Велес, а потоа се преселени во Скопје, има две ќерки, Бранка и Зора, а втората ќерка Павлина е мажена за Саво од Глоѓи и имаат две ќерки, Катерина и ? .

**Мито** Аврамовски, третиот син на Јоан, трагично бил стрелан од одредени органи на УДБА.

Од родот Кашамеej од Лешок, посебно ќе ги издвојам три лица ( Мито Аврамовски, Иван Аврамовски и Мирко Аврамовски), за кои запишав кратки биографии во Мојата книга Лица од Лешок ( Р. бр. 25, стр. 112-113, 134 и 137).

Мито Јоан Аврамовски ( 1908 - 1952), завршил богословско-учителска школа во Призрен и кој како учител по руски јазик во Гевгелија бил убиен 1952 год. од УДБА за време на Информбирото. ( Р. бр. 12 и 14, стр. 96-104, Р. бр. 17, стр. 39 - 40 и стр. 47-49, Р. бр.18, стр. стр. 107, Р. бр. 19, стр.14- 17 и Р. бр. 25, стр. 134 и 187-188 ).
Мирко Симов Аврамовски (1939 -2025), беше предавач на Економски факултет, Скопје ( Р. бр. 12 и 14, стр. 96 -104, Р. бр. 19, стр.143 – 156 и стр. 157-167 и Р. бр. 25, стр. 137 ).
Иван Тодев Аврамовски ( 1944 - ), беше член на ЦК на КПМ и член на Претседателството на ЦК КПМ, беше пратеник во сојузниот Собор на Здружен труд во Собранието на СФР Југославија и пратеник во Соборот на здружен труд во Собранието на Социјалистичка Република Македонија ( 1986-1991). Види, ( Р. бр. 25, стр. 112-113 ).
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 61, 98, 107, 180, 221, 231, ), **Дабоќеej, Јурекooj, Кашамеej, Пашини, Сирмини, Споменик,**



| Мито + | Душан + | Мирко + | Иван | Раско | Љупчо | Бранко |
|---|---|---|---|---|---|---|



| Бошко | Симо | Јошо + | Крсто | Благоја | Љупчо | Загорка |
|---|---|---|---|---|---|---|

# 22. Коачооj

**Коачооj** е **стар род** во Лешок, а слава е **Св. Ѓорѓија**. Овој род има куќи и ниви во Лешок и во Варвара. Овој род во минатото имал познати мајстори што изработувале квалитетни метални предмети. Родот Коачооj имал **ковачка** работилница и **воденца** на север од Лешочкото Кале и затоа и местото се вика **Коачница**. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 88 - 91, Р. бр. 18, стр. 112-113 и Р. бр. 25, стр. 93-94, 107 и 153-154 ).
Од родот Коачооj, кои во моето детство живееја во Лешок со своите семејства, Јас, ги знам следните лица: Јоанче, Веселин(Ецо), Тоде, Боќе, Круме, Стамат, Крсто, а подоцна се доселија од Варвара во Лешок и Никола и Стојан.
**Јоанче** Ристов Божиновски има 5 деца: Кристе, Среќко, Сребренка, Грозда и Слободанка(Цоба), кои ги внесов во родот Јурекооj кој во Лешок така ги ословувавме и се издвојува од родот Коачооj, иако имаат заедничко потекло. Види, ( Род Јурекооj- Ред. бр. 18).
**Веселин**(Ецо) Блажев Божиновски со сопругата Перса од родот Пашини од Лешок имаат пет деца: Божин, Иљо, Живко, Мирко, Иванка и Загорка.
**Божин** има две ќерки Гордана и Даниела. Божин живе во Германија и изгради нова куќа во Лешок. **Иљо** со сопругата Елена од Прилеп има син Владо и ќерка Елизабета. Владо со сопругата Патриција има три деца: Ванеса, Марјан и Катерина, од кои Ванеса е мажена и има ќерка Анастасија. Ќерката Елизабета е мажена со Зајко Ханзиќ од Нови Пазар и имаат три деца: Илија, Мелиса и Ален. **Живко** со сопругата Трпка имаат две ќерки Тања и Ирина. Живко изгради куќа на